# СТРАТЕГИЈА

на здружението за заштита на работничките права Гласен Текстилец Штип

# 2024-2028

## Contents

1. ВОВЕД....................................................................................................4
2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА ..............................................4
3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА .........................................................................................5
4. ВРЕМЕНСКА РАМКА .......................................................................................................6
5. БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА.............................................................6
6. ЦЕЛНИ ГРУПИ.................................................................................................................7
7. ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА.......................................................................................7
8. ПРИОРИТЕНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ ..........................................................................8
9. МОНИТОРИГ И ЕВАЛУАЦИЈА.......................................................................................14

Оваа стратегија е изработена во рамките на проектот “Institutional support for strengthening the capacities of Glasen Tekstilec “, поддржан од European Endowment for Democracy (EED). Изразените ставови му припаѓаат само на Гласен Текстилец.

## 1. ВОВЕД

Здружението за заштита на работничките права - Гласен Текстилец – Штип (во натамошниот текст: “Гласен Текстилец” или “здружението”) е најпрепознаеното здружение на граѓани кое работи на промоција и заштита на работничките права во Република Северна Македонија. Почнувајќи со работа од 2017 година со првичен фокус на работничките од текстилната, кожарската и чевларската индустрија, а потоа ширејќи го фокусот на работниците и работничките од сите гранки, Гласен Текстилец работи на афирмирање и препознавање на проблемите на работниците и кршењето на човековите и работничките права. Здружението активно е вклучено во подигање на свеста на работниците/чките преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците/чките од приватниот сектор. Преку програмите и проектите коишто ги имплементира Гласен Текстилец, директно се залага за унапредување на човековите, работничките права, пристапот до правда на маргинализираните, правно зајакнување на работниците, заштита од дискриминација и примена на принципот еднаква плата за иста работа.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата на Здружението за заштита на работничките права Гласен Текстилец Штип 2024-2028 (во натамошниот текст: “Стратегијата”) е изработена во рамките на проектот “Institutional support for strengthening the capacities of Glasen Tekstilec “, поддржан од European Endowment for Democracy (EED).

Процесот на изработка на стратегијата беше инклузивен, на начин што во сите фази на пишувањето се вклучени вработени и членови на Гласен Текстилец.

При подготовка на стратегијата најпрвин се анализираа постоечките стратешки документи на Гласен Текстилец и состојбата со клучната важечка трудова легислатива. Потоа, беа одржани три состаноци со претставници на Гласен Текстилец, на кои се идентификуваа потенцијалните стратешки приоритети, главните и специфичните цели на стратегијата, а наодите од овие дискусии се преточени во текстот и содржината на стратегијата. Исто така, во рамките на овие дискусии беа идентификувани и засегнатите институции и други општествени чинители кои можат да придонесат кон остварувањето на приоритетите од стратегијата.

## 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Анализата на состојбата опфаќа преглед на стратешките документи на Гласен Текстилец и анализа на состојбата на клучната важечка легислатива и состојбите со унапредувањето и заштитата на работничките права.

Гласен Текстилец има повеќе значајни организациски стратешки документи кои ќе послужат како основа и од кои произлегуваат и се темелат стратешките приоритети, главните и специфичните цели предвидени во Стратегијата на Здружението за заштита на работничките права Гласен Текстилец Штип 2024-2028.

**Статут на здружението** – статутот е еден од најзначајните основачки документи на здружението, во кој се дефинирани мисијата, визијата и основните цели и задачи на здружението. Целите и задачите здружението ги остварува преку програми за работа, кои се усвојуваат на годишно ниво.

**Стратегија на Гласен Текстилец 2020-2023** - оваа среднорочна стратегија за работа на здружението ги дефинира клучните приоритети, цели и активности кои здружението ги спроведувало за периодот 2020 -2023. Преку оваа стратегија Гласен Текстилец цели кон зголемување на својот потенцијал и влијание во остварувањето на визијата и мисијата.

**Програми на Гласен Текстилец 2022 – 2024 –** овој стратешки документ содржи 7 програми од различни стратешки подрачја, во кои се набројани сите типови на активности кои ги презема здружението.

**Акциски план на Гласен Текстилец 2022 – 2024 –** овој среднорочен акциски план за работа на здружението ги дефинира стратешките цели и активности, кои здружението ги спроведува во периодот 2022-2024.

При подготовка на стратегијата се анализираше и моменталната состојба со важечката законска легислатива во државата, преку анализа на тековните процеси за изработка на нови клучни закони и политики од областа на трудовата легислатива.

Изработката на текстот за новиот нацрт Закон за работни односи трае повеќе од 6 години. Иако во овој период Законот за работни односи претрпе повеќе измени и дополнувања, се добива впечаток дека законскиот текст не е генерално подобрен во нудење поефикасна заштита на работничките права на работниците. Новиот Закон за работни односи требаше да понуди проширена дефиниција на поимот

работник, додавање на нови задолжителни елементи во договорот за вработување, поставување флексибилност на работното место, промена на делот кој ги регулира договорите на определено време, подобрување на постапката и механизмите за заштита во случаи на отказ, подобро дефинирање на еднаква плата за еднаква работа и еднаква плата за различна работа со иста вредност, прецизно дефинирање на прекувремената работа, воведување на новини во родителското отсуство, воведување новини во синдикалното организирање итн. Иако Гласен Текстилец, на почетокот од процесот беше вклучен како едно од две здруженија на граѓани во работната група за изработка на законот и активно учествуваше во истата со давање конкретни идеи и предлози, набрзо потоа доаѓа до целосно исклучување на здруженијата на граѓани од овој процес, а во работната група остануваат Министерството за труд, Организацијата на работодавачи на Македонија и репрезентативните синдикати. Друг клучен закон од областа на заштитата на работничките права е Законот за заштита од вознемирување на работно место. Од 2020 година формирана е работна група за изработка на нов закон, процесот се уште трае, а Гласен Текстилец не е дел од оваа работна група. Потребата за подобрување на овие клучни закони од областа на трудот, особено во деловите на механизмите за заштита на работничките права, ја потврдува и статистиката на Државниот трудов инспекторат, кој во 2023 година извршил вкупно 22,950 инспекциски надзори, при што утврдил 5,550 неправилности.

## 4. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Оваа стратегија ќе се спроведува во периодот од 2024 до 2028 година. Динамиката на спроведувањето на приоритетните области во точка 8 од оваа стратегија ќе биде определена на годишно ниво од страна на Гласен Текстилец, во согласност со стратешките програми, годишните акциски планови за работа и буџетот на здружението.

## 5. БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Буџетот за реализирање на активностите од планот ќе биде дополнително подготвен во процес на тековното буџетско планирање на здружението. За спроведување на дел од активностите од големо значење ќе биде и поддршката од донаторите, соработката со институциите, партнерските граѓански организации и останатите општествени чинители, но основната обврска за спроведување на приоритетните области е на Гласен Текстилец.

## 6. ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Работници/чки
- Работодавачи
- Институции
- Граѓански организации
- Маргинализирани групи
- Медиуми
- Општа јавност

## 7. ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА

Во процесот на спроведувањето на стратешките приоритети од точка 8 на оваа стратегија, Гласен Текстилец ќе оствари партнерство и соработка со:

- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за образование
- Министерство за здравство
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за внатрешни работи
- Државен трудов инспекторат
- Државен санитарен и здравствен инспекторат
- Општина Штип и останати единици на локална самоуправа
- Универзитет Гоце Делчев Штип
- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Народен правобранител
- Синдикати
- Здружение на работодавачи
- Комори
- Агенција за вработување
- Фонд за здравствено и социјално осигурување
- Управа за јавни приходи
- Здруженија на граѓани
- Донаторска и меѓународна заедница
- Меѓународни тела за заштита на човековите права

## 8. ПРИОРИТЕНИ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1:** | **СТРАТЕШКО ЗАСТАПУВАЊЕ** |
| **ОПШТА ЦЕЛ:** | **ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ СТРАТЕШКИ ГИ ЗАСТАПУВА БАРАЊАТА НА РАБОТНИЦИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО** |

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1.1:** | **УЧЕСТВО ВО СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ** |

**Потенцијални активности:**

- Учество во работната група за изработка на Законот за работни односи.
- Учество во работната група за изработка на Законот за заштита од вознемирување на работно место.
- Застапување за донесување Закон за колективно преговарање и синдикално организирање.
- Учество во процеси на усогласување на домашната легислатива со правото на ЕУ и меѓународните договори од областа на работата и работните односи.
- Учество во процеси на изработка на политики и подзаконски акти за унапредување и заштита на правата на работниците.

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1.2:** | **СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ И СОРАБОТКА** |

**Потенцијални активности:**

- Основање синдикални организации во текстилната, чевларската и кожарската индустрија.
- Основање синдикални организации во останатите гранки и индустрии.
- Обука на синдикални претставници за застапување.
- Формирање грански репрезентативен синдикат на работниците од чевларската, кожарската и текстилната индустрија
- Учество на гранскиот синдикат во изработка на колективни грански договори.
- Учество на гранскиот синдикат во изработка на Општиот колективен договор од за стопанството на РСМ.
- Соработка со репрезентативни синдикати и организации на работодавачи.

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1.3:** | **ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО И ДРУГА СОРАБОТКА** |

**Потенцијални активности:**

- Креирање на локален економско социјален совет.
- Состаноци за јакнење на капацитетите на локално економско социјалниот совет.
- Состаноци со работодавачи.
- Состаноци со Општина Штип и останати единици на локална самоуправа.
- Соработка и брифинг средби со Државниот инспекторат за труд.
- Соработка и брифинг средби со Државниот санитарен и здравствен инспекторат.
- Соработка и брифинг средби со Управата за јавни приходи.
- Соработка и заеднички иницијативи со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за спречување и заштита на родово-базирана дискриминација на работно место.
- Состаноци и соработка со Комисиите за одлучување по прекршок од областа на работните односи.

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2:** | **ПРАВНА ПОМОШ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ** |
| **ОПШТА ЦЕЛ:** | **РАБОТНИЦИТЕ ИМААТ ОБЕЗБЕДЕНА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ ЗА САМОЗАСТАПУВАЊЕ** |

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 2.1:** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** |

**Потенцијални активности:**

- Обезбедување правна помош од правен/а советник/чка на Гласен Текстилец во случаи на прекршување на работнички права.
- Обезбедување правна помош за работници/чки во стратешки судски постапки од адвокати ангажирани од Гласен Текстилец.
- Мониторинг на судски рочишта за заштита на работничките права.
- Иницирање постапки пред Државниот инспекторат за труд.
- Иницирање постапки пред Државниот санитарен и здравствен инспекторат.
- Иницирање граѓански судски постапки за прекршување на работнички права

- Поднесување кривични пријави за потешки повреди на права од работен однос.
- Иницирање на постапки пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, со фокус на бремени работнички со договори на определено време, на кои не им се продолжуваат договорите за работа заради нивната бременост.

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 2.2:** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ ЗА САМОЗАСТАПУВАЊЕ** |

**Потенцијални активности:**

- Воспоставување сервис параправна помош.
- Обука на параправнички за давање параправна помош во случаи на прекршување на работнички права.
- Теренски посети на параправничките на работници/чки за запознавање со нивните работнички права и механизмите на заштита, со фокус на текстилна, кожарска и чевларска индустрија.
- Документирање случаи на прекршување на работничките права.
- Координативни средби на параправничките со правникот/чката и адвокатите на Гласен Текстилец.
- Параправничките се вклучени во процеси на застапување за унапредување на работничките права на локално и централно ниво.
- Параправничките се вклучени во процеси на меѓународно известување и застапување пред договорните тела на ООН, ЕК и останатите механизми за меѓународно известување.

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3:** | **ПРОМОЦИЈА НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА** |
| **ОПШТА ЦЕЛ:** | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНФОРМИРАНОСТА ЗА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА И ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ КАЈ РАБОТНИЦИТЕ И ИДНИТЕ РАБОТНИЦИ** |

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 3.1:** | **ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ СПРОВЕДУВА ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ** |

**Потенцијални активности:**

- Организирање на Текстилијада.
- Издавање на годишен весник.
- Издавање на стрип.
- Изработка на постери, плакати, летоци, брошури инфографици и останат промотивен материјал.
- Тренинзи за врснички едукатори во средни училишта за работнички права.
- Врсничка едукација за работнички права во средни училишта.
- Соработка со Универзитетот Гоце Делчев Штип за спроведување заеднички промотивни и информативни активности за запознавање на студентите со работничките права и заштитните механизми.
- Организирање тематски дискусии и работилници со различни групи работници/чки.
- Средби со работници од рурални среди и други маргинализирани групи работници/чки.
- Развивање на онлајн алатка за пријавување прекршување на работнички права на веб страната на Гласен Текстилец.

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 3.2:** | **ПРИСУТНОСТ НА ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ ВО ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ И НЕТРАДИЦИОНАЛНИТЕ МЕДИУМИ** |

**Потенцијални активности:**

- Соработка со националните телевизии за воспоставување на редовни тематски емисии посветени на најчестите прекршувања на работничките права, информирање за работничките права и заштитните механизми.

- Носење годишни комуникациски планови за фрекфенција, број и насоченост на комуникациските алатки на Гласен Текстилец, како “Фејсбук”, “Твитер”, “ТикТок”, “Јутуб” и слично.
- Гостувања во поткасти.
- Изготвување соопштенија до јавност.
- Спроведување онлајн кампањи за заштита на работничките права, мобинг и дискриминација на работно место.
- Соработка со здруженија на граѓани кои имаат медиумски платформи.
- Изработка на едукативни видеа.
- Организирање прес конференции.

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4:** | **ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И ОДРЖЛИВОСТ** |
|---|---|
| **ОПШТА ЦЕЛ:** | **ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Е САМООДРЖЛИВА ОРГАНИЗАЦИЈА, КОЈА КОНТИНУИРАНО ГИ РАЗВИВА ЧОВЕЧКИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА** |

| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 4.1:** | **РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ КАПАЦИТЕТИ** |
|---|---|

**Потенцијални активности:**

- Одржување тематски обуки за вработените и членовите на Гласен Текстилец.
- Организирање студиски посети за градење на капацитетите на вработените и членовите на Гласен Текстилец.
- Размена на искуства во рамките на националните и меѓународните мрежи на организации во кои членува Гласен Текстилец.
- Обновување на организациската библиотека со нови и релевантни изданија од областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на работничките права.
- Учество на обуки и тренинзи организирани од партнерски организации и/или институции.

| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 4.2** | **ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Е ОДРЖЛИВА ОРГАНИЗАЦИЈА** |
|---|---|

**Потенцијални активности:**

- Изработка на младинска волонтерска програма

- Изработка на стратегија за собирање средства (fundraising strategy)
- Спроведување на кампања за собирање средства (fundraising campaign)
- Изработка на систем за следење на повици за грантови.
- Изработка на проектни апликации за грантови.
- Соработка со партнерски организации при аплицирање на повици за грантови.

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 5:** | **РОДОВА ЕДНАКВОСТ** |
| **ОПШТА ЦЕЛ:** | **ПОДИГНАТА СВЕСТ КАЈ РАБОТНИЧКИТЕ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И ЗА ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО** |

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 5.1:** | **ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАШТИТНИ МЕХАНИЗМИ ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО** |

**Потенцијални активности:**

- Теренски активности во насока на организирање работилници и обуки меѓу работнички и работници во повеќе општини за подигање на свеста за родовата еднаквост, рушење на митовите за родова еднаквост, едукација за правата на жените и важноста за спречување на родово базирано насилство.
- Вклучување на работничките во процеси на носење политики и закони на локално и централно ниво поврзани со родовата еднаквост и превенција на родово базирано насилство.
- Воведување програми за јакнење на жените и девојчињата за пријавување на родово базирана дискриминација и родово базирано насилство, со цел намалување на нивната ранливост кон дискриминација и насилство.
- Давање правна помош во случаи на родово базирано насилство.
- Собирање податоци и правење истражувања со фокус на родово базирана дискриминација и родово базирано насилство на работно место и во работни односи.
- Сензибилизација и подигање на свест кај работодавачи за родово базирана дискриминација и родово базирано насилство.
- Соработка со работодавачи за креирање безбедни внатрешни механизми за пријавување на родово базирана дискриминација и родово базирано насилство.

- Соработка со граѓански организации кои нудат сервиси за психосоцијална и економска поддршка на жртви од родово базирано насилство.

## 9. МОНИТОРИГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на спроведувањето на оваа стратегија ќе се спроведува преку прибирање и анализа на месечните, кварталните и годишните извештаи на Гласен Текстилец, во рамките на кои ќе се додадат и делови посветени на спроведувањето на стратегијата. Дополнително, со цел подобро и поефикасно спроведување на стратегијата, Гласен Текстилец во своите годишни акциски планови за работа во периодот 2024-2028 ќе определи на кои специфични цели и на кои потенцијални активности од стратегијата ќе работи во дадената година. Усвоените годишни планови за 2024, 2025, 2026 и 2027 ќе се користат како појдовни точки за проценка на постигнувањата и резултатите од стратегијата. Воедно, Гласен Текстилец ќе определи лице кое ќе биде одговорно да го координира процесот на спроведувањето и следењето на спроведувањето на стратегијата, со што ќе биде осигурано континуирано и доследно спроведување на стратегијата. Во зависност од расположливиот буџет, по завршувањето на временскиот период за имплементација на стратегијата, Гласен Текстилец ќе ангажира надворешен експерт за евалуација на спроведувањето на стратегијата и на постигнатите резултати.